Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА

ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јули 2023 година.

Бр. 08-3782/1 Претседател на Република

18 јули 2023 година Северна Македонија,

Скопје Стево Пендаровски, с.р.

Претседател на Собранието на Република

Северна Македонија,

м-р Talat Xhaferi, с.р.

З А К О Н

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2001, 4/2002, 5/2003, 84/2008, 81/2009, 161/2009 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), во членот 266-а по став (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Кога износот на достасаната, а неисплатена казнена камата ќе го достигне износот на главнината, каматата престанува да тече.“.

Член 2

Членот 368 се менува и гласи:

„(1) Сите побарувања што се утврдени со правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган, застаруваат за пет години, од моментот на нивната извршност, како и побарувањата за кои во согласност со законот се предвидува пократок рок за застареност.

(2) Сите повремени побарувања, коишто произлегуваат од одлуки или порамнувања предвидени во ставот (1) на овој член и достасуваат во иднина, застаруваат во рокот предвиден за застареност на повремените побарувања.

(3) Застареноста на правосилна судска одлука или со одлука на друг надлежен орган, или со порамнување пред суд или пред друг надлежен орган прекинува со поднесување барање за извршување пред надлежен извршител, при што почнува да тече одново застареноста, која во извршната постапка трае десет години од моментот на поднесеното барање за извршување.“.

Член 3

Во Законот за дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), членот 2 се менува и гласи:

(1) Одредбата од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 389-а се применува и за неплатената камата од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била до 50% на годишно ниво.

(2) Одредбата од членот 1 од овој закон со кој се додава нов член 389-а не се применува од 1 јануари по годината во која стапката на инфлацијата била над 50% на годишно ниво.

(3) Стапката на инфлација од ставовите (1) и (2) на овој член претставува просечната годишна стапка на промена на индексот на трошоци на живот за соодветната календарска година, пресметана од страна на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија и објавена на нивната веб- страница.“.

Член 4

Започнатите постапки за наплата на побарувања предвидени во членот 2 од овој закон ќе завршат во согласност со овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.